Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 октомври 2021 година**

**Скопје, октомври 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео на конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 09:40 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан

- Информација за извршени преговори за усогласување на заедничка Изјава за интероперабилен Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава за интероперабилен Западен Балкан

- Прашања и прелози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан (нов текст), ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничка Изјава за интероперабилен Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава (нов текст), ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на заедничката Изјава за интероперабилен Западен Балкан.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**